**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-596/8**

**Скопје, 27.11.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи, стоки и услуги, за 2005 година, кои се прикажани на страните 8 и 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи, стоки и услуги за 2003 година и е дадено позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Фатмир Бесими, министер, од 24.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија, во периодот од 31.08.2006 до 27.10. 2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи на Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи, стоки и услуги, за 2005 година ревизијата го констатира следното:

10.1. **Системски слабости во користењето на средствата од надоместокот**

10.1.1. Министерството за економија од август 1999 година во согласност со Законот за надворешно трговско работење на оваа сметка остварува приходи 0,1% од утврдената царинска основица, надоместок кој го плаќаат деловните субјекти при увоз и извоз на производи, стоки и услуги а кој го наплаќа Царинската управа на РМ и го дозначува на сметката на министерството. Во периодот од 2001 до септември 2005 овие приходи изнесуваат околу 450,663 илјади денари. Овој приход со измените на Законот за надворешно трговско работење од 2002 година престанува да се остварува заклучно со 31.12.2005 година.

Согласно Законот од 1999 година средствата од надоместокот треба да се користат за надомест или кофинансирање на трошоците на деловните субјекти од РМ за саеми, изложби и маркетинг активности во странство , за сертификација на систем за квалитет или сертификација на производите, промотивни активности за препознатливост - брендирање и друго. Во 2001 година оваа одредба од Законот е променета и истата предвидува средствата од надоместокот да се распределат за потикнување на индустриското производство и извозот на индустриските производи и унапредување на надворешно – трговската размена на стоки и услуги.

Ревизијата констатира дека поради немање на повеќегодишна стратегија за користење на овие средства од страна на Министерството за економија во функција на развојот на индустриското производство, извозот и унапредувањето на надворешно трговската размена во Република Македонија како и тоа што измената на законската одредба за намената на овие средства во Законот за надворешно трговско работење во 2002 година е општа се создале услови во текот на 2003, 2004 и 2005 година на предлог на Министерството за економија, Владата на РМ неколкупати да ја менува оваа Програма со пренамена на средствата од една ставка во друга, од една намена во друга и тоа на следниот начин:

- Програмата во 2003 година е проширена со три точки со кои се пропишани расходите за истражувања на Министерството за економија, секторски студии, расходи за WEB страна, давање на огласи и информации во печатените и електронски медиуми,



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

- Во 2004 година Програмата се проширува со нови намени со цел надоместување на расходите за просторно опремување на национални лаборатории и надоместување на трошоците на трговските претставници на РМ во Москва, Берлин, Белград и Рим, а во истата година се брише точката од Програмата со која се надоместуваа дел од трошоците на деловните субјекти од РМ за изработка на промотивни матерјали наменети за странски пазари.

- Во 2005 година Програмата се дополнува со две точки и тоа :

  - Првата се однесува на пропишувањето на начинот на покривање на расходите за отварањето и функционирање на Трговско - економско претставништво на РМ во Приштина и

  - Со втората точка се буџетираат и предвидуваат расходи за: трансфер на средства за Форум - во Виена, плати и надоместоци за плати за економските промотори, патни и дневни расходи, комунални услуги, набавки на градежни објекти и ситен инвентар, поправка и тековно одржување, договорни услуги, купување на мебел и опрема.

10.1.2. Ревизијата има обврска да истакне дека од оваа сметка министерството финансирало неколку проекти за чија реализација има значително одлевање на средства, а за дел од нив нема континуитет во нивната реализација и тоа:

10.1.2.1. Министерството за економија врз основа на Одлука на Влада од септември 2003 година за зајакнување на капацитетот на дипломатско - конзуларните представници (ДКП) на Република Македонија со економски советници, отпочнува со долгорочен проект за вработување на економски советници во три земји. Основната улога на економските советници била да ја зголемат надворешно - трговската размена и да отворат нови пазари за македонските извозници.

Министерството за економија вработило на определено време од три години без статус на државни службеници три лица и тоа: економски советник за трговска промоција во ДКП во Русија; економски советник за трговска промоција во ДКП во Србија и Црна Гора и за економски советник за инвестициона промоција во ДКП во Италија.

Проектот се реализирал преку оваа сметка иако се знаело дека финансиски средства за негова реализација ќе има само за првата година (2005 година), а за втората и третата година треба да се бараат алтернативни буџетски извори за финансирање. За оваа намена во 2005 и 2006 година потрошени се средства во вкупен износ од 5,800 илјади денари од двете самофинасирачки сметки на министерството за плати, репрезентација, селидба и други расходи за потребите на економските промотори без целосно да се реализира проектот и без да се добијат посакуваните ефекти од нивното ангажирање. На крајот од 2005 година, тројцата економски советници се разрешени од тие функции со образложение дека не се обезбедени финасиски средства за нивната работа, со што и овој проект не ја остварил целта.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

10.1.2.2. Министерството за економија во 2005 година отворило трговско-економско претставништво во Приштина за чие функционирање се користеле средствата од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увоз и извоз на производи, стоки и услуги и за кои во 2005 година се направени расходи во вкупен износ од 3,207 илјади денари и се создадени неисплатените обврски за закуп за 2006 година во вкупен износ од 3,321 илјади денари.

Претставништвото е отворено и покрај тоа што со Законот за надворешно трговско работење обврската за овој надоместок престанува со 31.12.2005 година, што упатува на фактот дека е неизвесно континуираното финансирање на ова претставништво во наредниот период. За ова и Министерството за финансии дало мислење дека за 2006 година максималните буџетски расходи веќе се лимитирни.

И покрај ова Владата на РМ донела Одлука за регулирање на работењето на Трговско-економското претставнивштво на Република Македонија во Приштина, а министерството направило изменување на Програмата за користење на средствата.

Имајќи предвид дека на претставништвото во 2006 година му е изменет статусот и е трансформирано во Канцеларија за врски на РМ во Приштина, акредитирана при УМНИК, Министерството за економија понатаму не ги сноси трошоците за неговото функционирање.

За отварање и функционирање на претставништвото кое функционирало неполна една година, направени се трошоци за закуп на куќа од 400 м2, за административни и стамбени простории на претставништвото со месечна закупнина од 3 000 евра, трошоци за телефон и други комунални услуги. Со цел да се извршат подготовки за отпочнување со работа на претставнивштвото, Министерството за економија ангажирало лице со Договор за дело со месечен надомест од 60 илјади денари и 5 илјади денари за патни трошоци.

Канцелариската опрема и движните ствари набавени за поранешното претставништво во Приштина, согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи се дадени на трајно користење на Министерството за надворешни работи во ДКП – Приштина и ДКП – Белград.

10.1.2.3. Ревизијата констатира дека од средствата што се прибираат од надоместокот на деловните субјекти со Одлука на Владата на РМ и измена на Програмата во 2004 година набавен е недвижен имот - административен простор за лаборатории за потребите на Бирото за метрологија - орган во состав на Министерството за економија во вкупен износ од 115,061 илјади денари (во 2005 година е исплатено 22,423 илјади денари).

10.1.2.4. Трансферирани се средства на Агенцијата за странски инвестиции, во вкупен износ од 5,000 илјади денари за конференцијата - форум на тема Macedonia Business and Investmment Roundtable во Виена, Австрија. Согласно годишниот извештај на Агенцијата за странски инвестиции на РМ од февруари 2006 година, конференцијата се одржала на 04.10.2005 година во Виена.

10.1.3. Оваа состојба на неконзистентност, менување на програмата и пренамена на средствата од една ставка во друга, чија основна намена и



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

цели се пропишани со Законот за надворешно трговско работење од 1999 година има за последица недостаток на средства за континуирано кофинансирање на трошоците за домашните деловни субјекти и тоа:

- Неизвесност на деловните субјектите при аплицирање до министерството дали ќе ги добијат бараните средства и покрај тоа што ги исполнуваат условите предвидени со Програмата;

- Во 2005 година на дел од деловните субјектите Комисијата исплатила 25% за надоместување на дел од трошоците за изработка на промотивни материјали наменети за странски пазари во износ од 4,321 илјади денари, иако програмата предвидува надомест од 50% со што овие субјекти биле оштетени и дискриминирани во однос на останатите со образложение дека цените за изработка на промотивните матерјали кои ги имаат приложено овие субјекти не биле соодветни за бараната количина;

- Во април 2005 година вратени се над 80 барања за средства од деловни субјекти поднесени кон крајот на 2004 година поради укинување на точката за надоместување на дел од трошоците за изработка на промотивни материјали наменети за странски пазари објавена во Сл.весник 88/2004 година.

- Министерството за економија е оптоварено со 20 пресуди од Врховниот суд на РМ со кои тужбите поднесени од деловните субјекти се уважуваат и оспореното Решение на Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата се поништува што можат да имаат за последица судски постапки и одлевање на буџетски средства во наредниот период во услови кога приходите на оваа сметка се укинати.

- Министерството за економија располага со 32 нерешени предмети по основ на жалби на деловни субјекти упатени до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата при Владата на РМ. Комисијата ги вратила предметите со образложение дека нема основ да постапува по истите што може да имаат за последица судски постапки во наредниот период.

- Министерството со допис од јануари 2006 вратило 120 предмети од деловни субјекти без да се разгледаат од Комисијата за спроведување на постапката за користење на средствата од надоместокот со образложение дека средствата се исцрпени, а при тоа селеклтивно исплатила средства само на неколку субјекти. Имајќи ја предвид висината на паричните средства на 31.12.2005 од 28,239 илјади денари, ревизијата е на милење дека Комисијата можела да ги разгледа сите предмети и доколку постоел основ истите да ги исплати, без при тоа да носи нова програма за 2006 година.

10.2. **Незаконско и ненаменско користење на средствата**

10.2.1. Исплатени се расходи во вкупен износ од 562 илјади денари по Одлука на Владата на РМ од ставката репрезентација за покривање на дел од трошоци за потребите на Министерството за надворешни работи за



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

посета на Делегација на РМ во Брисел спротивно на Програмата за користење на средствата од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увоз и извоз на производи што има за последица ненаменски направени расходи.

10.2.2. Ревизијата не можеше да се увери во оправданоста на исплатените средства на Авторската агенција Патент центар во вкупен износ од 780 илјади денари поради тоа што овие расходи не се вклучени во финансискиот план и програмата со активностите за реализација на манифестацијата ,,Ваш успех наша гордост,, не е приложена поткрепувачка документација за извршената работа од страна на авторите, а авторскиот договор не е потпишан од страна на авторот.

10.2.3. Спротивно на Законот за јавни набавки исплатено е по Решение и фактура од 2004 година на ДТУ Визијанет за изработка на промотивни матерјали за РМ , во вкупен износ од 526 илјади денари за набавка која не е предвидена со планот за јавни набавки, ниту е спроведена постапка за јавна набавка со што е создадена можност за фаворизирање на одреден добавувач и не е овозможена конкурентност при изборот.

**Препораки и мерки**

Ревизијата препорачува, Министерството за економија во соработка со Владата на Република Македонија пред предлагањето на законски проекти за финансирање, да подготват долгорочна стратегија и утврдена динамика на извршувањето на истите со што успешно ќе се реализираат поставените цели.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи, стоки и услуги, на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради искажаните системски слабости во точката 10.1. кај Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи, стоки и услуги ревизијата се воздржува од давање на мислење за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 22.11.2006 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 132.448 | 108.623 |
| Неданочни приходи | 7.929 | 6.203 |
| Трансфери и донации | 21.432 | 97.978 |
| **Вкупно приходи** | **161.809** | **212.804** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 1.325 | 0 |
| Стоки и услуги | 37.114 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 72.539 | 98.734 |
| **Вкупно тековни расходи** | **110.978** | **98.734** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 22.593 | 92.638 |
| **Вкупно капитални расходи** | **22.593** | **92.638** |
| **Вкупно расходи** | **133.571** | **191.372** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **28.238** | **21.432** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **28.238** | **21.432** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 28.312 | 21.432 |
| Побарувања од вработените | 37 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 6.882 | 6.045 |
| **Вкупно тековни средства** | **35.231** | **27.477** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални  средства во подготовка | 0 | 92.638 |
| **Вкупно постојани средства** | **0** | **92.638** |
| **Вкупна актива** | **35.231** | **120.115** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2.510 | 715 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 74 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 9 | 6 |
| Пасивни временски разграничувања | 32.638 | 26.756 |
| **Вкупно тековни обврски** | **35.231** | **27.477** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 92.638 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **92.638** |
| **Вкупна пасива** | **35.231** | **120.115** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 1105-6/1***
***03.01.2007 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст ("Сл. весник на РМ" бр. 73/2004) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за економија за 2005 година бр. 596/14 од 27.12.2006 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното:

## ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точките 10.1.3., алинеа 2, 3, 4 и 5, точките 10.2.1., 10.2.2. и 10.2.3. од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Министерството за економија за 2005 година – Сметка за приходи наплатени од органи,- средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увоз и извоз на производи стоки и услуги, доставено од г-дин Фатмир Бесими, одговорно лице - поранешен министер, **не се прифаќаат**, со дообјаснување на наодот во точката 10.2.3.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за економија за 2005 година поднесен е приговор бр. 596/14 од 27.12.2006 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. Приговорот на наодот од точката 10.1.3. алинеа 2, 3, 4 и 5 од Конечниот извештај, **не се прифаќа,** од причина што е даден на костатираните ефекти од страна на ревизорот од честото менување на намените и целите утврдени со Програмата за користење на средствата од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти искажани во наодот од точката 10.2.1. , што има за последица недостаток на средства за континуирано и конзистентно кофинансирање на трошоците на домашните деловни субјекти, вратените барања и поднесените тужби од страна на деловните субјекти.

2. Приговорот на наодот во точка 10.2.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплатени средства по Одлука на Владата на РМ за посета на делегација на Владата на РМ во Брисел, а за потребите на Министерството за надворешни работи, **не се прифаќа**, од причини што образложението на одговорното лице



***ул: "Маршал Тито" - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:3211-262, факс3:126-311***

***Овластен Државен ревизор***

---------------------------------------

не го оправдува ненаменското користење на средствата од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увоз и извоз на производи и отстапувањето од донесената Програма, поради што наодот не се менува.

3. Приговорот на наодот во точка 10.2.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплатени средства на Патент Центар во функција на манифестацијата Ваш успех - наша гордост, **не се прифаќа** поради тоа што дополнително доставената документација од субјектот, авторски договор непотпишан од авторот кој што ревизијата го имаше на увид во текот на ревизијата, не е е дополнителен доказ за оспорување на наодот на ревизорот.

4. Приговорот на наодот во точка 10.2.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неправилности во примената на Законот за јавни набавки, **не се прифаќа**, имајки предвид дека приговорот се однесува на разграничување на одговорноста за утврдената неправилност, но не и за основот на наодот. Поради тоа извршено е дополнување на констатацијата на ревизорот, по зборот година да се додадат зборовите: „***за набавка извршена од претходното одговорно лице***„.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 03.01.2007 година** **Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*